**ОСНОВЕН СУД СТРУГА**

**Су.бр.59/17-2**

**22.02.2018 година**

**С Т Р У Г А**

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за судовите ( Службен весник на Република Макеоднија бр.58/06, 62/06, 35/08 и 150/10) во врска со член 113 став 4 од Судскиот деловник (Службен весник на Република Макеоднија 66/13 и 114/14) Претседателот на Основниот суд во Струга Ифет Бајрамоски на ден 22.02.2018 година го утврди следниот:

# Р А С П О Р Е Д

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАСПОРЕДОТ ЗА РАБОТИТЕ ВО ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА ЗА 2018 ГОДИНА

**СЕ ИЗМЕНУВА** и дополнува Распоредот за работите во Основниот суд во Струга за 2018 година Су.бр.59/17 од 27.12.2017 година и распоредот за изменување и дополнување на распоредот за 2018 година СУ.бр.59/17-2 од 03.01.2018 година, на следниот начин:

Во вонпарничниот оддел по предметите ВПП2, основ: предлог за обезбедување докази и привремени мерки, наместо судијата Лазо Ѓоргоноски, ќе постапуваат судиите на граѓанскиот оддел Измир Ајази, Ќетан Кадриески, Танче Петрески, Соња Ѓонческа и Никола Спасески, а распоредувањето на предметите по судии ќе се врши по електронски пат преку автоматската распределба на предметите според времето на приемот во судот.

Претходната измена се врши поради здравствената состојба на судијата Лазо Ѓоргоноски во претходниот период, односно неможноста да стои подолго време во стоечка позиција, а кое нешто го налага постапувањето во погоренаведените предмети при излез на лице место.

Овој распоред ќе се применува од 23.02.2018 година.

**Претседател на судот,**

Ифет Бајрамоски